Врз основа на член 52 став 1 алинеа 33 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот “Св. Климент Охридски”- Битола, на 89-та седница одржана на ден 17.02.2011 година, го донесе следниов:

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА

Член 1

Ние, вработените на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, свесни за значењето на Универзитетот во создавањето на темелните претпоставки за развојот на општеството, се обврзуваме дека индивидуално и низ институционалните механизми на делување, со целокупниот свој морален и професионален капацитет, чест, достоинство и одговорност се ставаме во функција на:

- Негување, развивање и заштита на Автономијата на Универзитетот, академската слобода и другите права и слободи на човекот.
- Развивање на Универзитетот како институција на највисоки вредности: знаењето, добрината, хуманоста и општествениот напредок.
- Чување и зголемување на угледот на Универзитетот и на личниот углед и достоинство.
- Развивање на интеграцијата на Универзитетот, на секое ниво на дејствување.
- Негување и обезбедување на еднаквоста и рамноправноста на единиците на Универзитетот, студентите и наставниците, соработниците и другите вработени на Универзитетот.
- Совесно и одговорно извршување на педагошките и другите обврски во образовната и научната дејност на вработените на Универзитетот.
- Заштита и унапредување на правата на студентите.
- Заштита и унапредување на правата на наставниците, соработниците и другите вработени на Универзитетот.
- Меѓусебно почитување, грижа и помагање во образовната и научната дејност.
- Градење на партнерски односи на професорите со студентите, помагање и грижа за нивниот развој, поттикнување на отвореноста, иницијативноста, креативноста и критичкото мислење кај студентите.

- Негување и развој на општите и универзитетските традиции и вредности.
- Спречување и осуда на корупцијата, девијантните појави и злоупотреби и активирање на сите превентивни, но и репресивни механизми за нивно сузбивање.

Член 2

Одговорноста за повреда и загрозување на етичките вредности и норми на Универзитетот ја утврдува Етичкиот комитет на Универзитетот, кој е составен од седум членови, од кои четири од редот на наставниците, еден од редот на соработниците, еден од студентите и еден од Стручната и административна служба на Универзитетот

Членовите од редот на наставниците, соработниците и од Стручната и административна служба на Универзитетот, на предлог на Ректорот, ги избира Универзитетскиот сенат, за време од три години, со право на повторен избор.

Членот од редот на студентите, на предлог на Студентскиот парламент на Универзитетот, го избира Универзитетскиот сенат, за време од една година, со право на повторен избор.

Универзитетскиот сенат донесува посебен Правилник за работа на Етичкиот комитет.

Член 3

Етички кодекс треба да биде објавен на веб страниците на Универзитетот и неговите единици, како и на видни места во просториитее на Ректоратот и единиците на Универзитетот.

Член 4

Овој Етички кодекс влегува во сила со денот на објавувањето во Билтенот на Универзитетот.

**Ректор**
**Проф. д-р Златко Жоглев**